МЕПСО

Максим Горки бр.4, 1.000 Скопје
Т: Кабинет на генерален директор
+ 389 (0) 2 3 149 811
Подружница СЕПС
+ 389 (0) 2 3 149 814
Подружница СПМ
+ 389 (0) 2 3 149 813
Ф: + 389 (0) 2 3 111 160
www.mepso.com.mk

# ПОЛИТИКА ЗА ПРАВАТА НА СУБЈЕКТОТ НА ЛИЧНИ ПОДАТОЦИ НА ОПЕРАТОРОТ НА ЕЛЕКТРОПРЕНОСНИОТ СИСТЕМ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА, АКЦИОНЕРСКО ДРУШТВО ЗА ПРЕНОС НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА И УПРАВУВАЊЕ СО ЕЛЕКТРОЕНЕРГЕТСКИ СИСТЕМ, ВО ДРЖАВНА СОПСТВЕНОСТ, СКОПЈЕ

**Контролор:Операторот на електропреносниот систем на Република Северна Македонија, Акционерско друштво за пренос на елекрична енергија и управување со електроенергетскиот систем, во државна сопственост, Скопје**

## 1. ЦЕЛ НА ПОЛИТИКАТА

Операторот на електропреносниот систем на Република Северна Македонија, Акционерско друштво за пренос на елекрична енергија и управување со електроенергетскиот систем, во државна сопственост, Скопје (во натамошниот текст:Друштвото) обработува многу категории лични податоци за потребите за водење и менаџирање на човечките ресурси, и тоа за: кандидатите за вработување, вработените, поранешни вработени, практиканти( во натамошен текст: субјекти на лични податоци).Друштвото е целосно посветено на доследно имплементирање на своите обврски коишто произлегуваат од Законот за заштита на личните податоци, а се однесуваат на законска обработка на личните податоци и почитување на правата на гореспомнатите категории на субјекти на лични податоци утврдени со ЗЗЛП. Оваа политика ги утврдува правата на субјектите на личните податоци и процедурите што треба да следат во случај кога субјектот на личните податоци сака да го оствари своето право.

## 2. ПРАВА НА СУБЈЕКТИТЕ НА ЛИЧНИТЕ ПОДАТОЦИ

Согласно ЗЗЛП, а во врска со Вашите лични податоци, гарантирани се следниве права:

- Правото да се биде информиран
- Правото на пристап
- Правото на исправка
- Правото на бришење
- Правото на ограничување на обработката
- Правото на пренесување на лични податоци
- Правото на приговор
- Правото на регулирање на какво било автоматско донесување одлуки и профилирање на Вашите лични податоци

## 3. ПРАВОТО ДА СЕ БИДЕ ИНФОРМИРАН

Имате право да бидете информирани како Друштвото ги обработува Вашите лични податоци и целтта за обработка. Со цел да ги обезбедиме ваквите информации Друштвото има подготвено Изјава за приватност, чијашто намера е да ве информира кои податоци ги обработуваме за вас, како ги обработуваме, со која цел и законска основа. Друштвото ви обезбедува примерок од Изјавата за ориватност, на ваше барање доставено до офицерот за заштита на лични податоци. Дополнително, изјавата е достапна на веб страницата на Друштвото http://www.mepso.com.mk.

Друштвото има подготвено и посебна изјава за приватност на кандидати за вработување , којашто е достапна на веб страницата на Друштвото- http://www.mepso.com.mk.

## 4.ПРАВОТО НА ПРИСТАП

Вие имате право напристап до вашите лични податоци што се обработуваат од Друштвото. Повеќе информации за правото на пристап можете да добиете од Политиката за пристап до личните податоци достапна на веб страната на Друштвото http://www.mepso.com.mk.

## 5.ПРАВО НА ИСПРАВКА

Едно од основните начела за заштита на личните податоци е дека личните податоци што се обработуваат од страна на Друштвото мора да бидат точни и ажурирани. За постигнување на таа цел, вие имате право да побарате исправка на вашите податоци.За промени на вашите лични податоци имате и законска обврска во рок од 15 дена да го информирате Друштвото за промената за да се ажурираат вашите лични податоци како вработен во Друштвото. Дополнително имате право да доставите информација и да барате дополнување на вашите лични податоци, доколку тие се нецелосни.

Доколку сакате исправка и дополнување на вашите лични податоци ве молиме да побарате исправка на лични податоци преку на веб страницата на Друштвото- http://www.mepso.com.mk .

Друштвото ќе одговори на Вашето барање веднаш, без одовлекување а најдоцна во рок од еден месец од денот на приемот на барањето. Друштвото може да го продолжи рокот само во случај кога барањето е комплексно и бара повеќе напор за извршување. Во овој случај Друштвото ќе ви одговори во рок од еден месец со образложение за продолжување на рокот. Рокот може да се продолжи дополнително за уште еден месец.

Доколку Друштвото го одбие башето барање вие ќе бидете информирани за причините и за правото да поднесете барање за утврдување повреда до Агенција за заштита на личните податоци и за соодветни правни лекови во согласност со Закон.

Доколку вашите лични податоци се споделени/пренесени до трети страни неисправни и/или нецелосни, Друштвото ја информира третата страна кога тоа ќе е возможно. Друштвото дополнително ќе ве информира и со кои трети страни се споделени/пренесени вашите лични податоци.

## 6.ПРАВОТО НА БРИШЕЊЕ (ПРАВОТО ДА СЕ БИДЕ ЗАБОРАВЕН)

Имате право вашите податоци да бидат избришани и/или остранети од нашите системи доколку непостои деловна причина или законска обврска на Друштвото за да продоли да ги обработува вашите податоци.

Вие имате право на бришење на податоците во следниве околности :

- Кога сте ја повлекле дадената согласност за обработка на личните податоци и немаме друга правна основа за обработка,
- Каде што сте поднеле приговор за обработка а при тоа легитимниот интерес не преовладува над вашето право на приговор,
- Податоците биле незаконски обработени,

- Личните податоци мора да бидат избришани поради законска обврска.

Доколку сакате да поднесете барање за бришење на податоци ве молиме да се обратите за бришење на лични податоци достапно на веб страницата на Друштвото- http://www.mepso.com.mk .

По приемот на барањето, Друштвото во рок од еден месец ќе ги избрише податоците, освен во следниве околности:

- За да ги остварува правата на слобода на изразување и информирање,
- Податоците се потребни за исполнување на законска обврска ,
- Извршување на задача од јавен интерес или вршење на службено овластување,
- За јавни здравствени цели од јавен интерес,
- Цели на архивирање од јавен интерес, научни и историски истражувања или статистички цели и
- Одбрана на правни побарувања.

Доколку вашето барање е одбиено, ќе бидете информирани за причините а доколку вашето барање е одобрено ќе бидете информирани дека податоците се избришани.
Доколку вашите податоци што треба да бидат избришани се споделени со трети страни, Друштвото ќе ги информира , секогаш кога тоа е возможно.

## 7.ПРАВОТО НА ОГРАНИЧУВАЊЕ НА ОБРАБОТКА НА ЛИЧНИТЕ ПОДАТОЦИ

Имате право на ограничување на обработката на вашите лични податоци под одредени околности.Ограничувањето на обработката на личните податоци значи дека Друштвото ќе продолжи да ги чува податоците, но ќе престане со нивното користење.
Друштвото ќе ја ограничи обработката на личните податоци во следниве околности:

- Кога ќе го информирате Друштвото дека податоците коишто ги обработува за вас не се точни.Во овој случај Друштвото ќе престане со користење на податоците и ќе предземе мерки за исправка на податоците.
- Кога обработката на вашите лични податоци се врши врз основа на исполнување на легитимниот интерес на Друштвото, и вие поднесувате барање за органичување на обработка. Во овој случај, обработката ќе се ограничи за времетраењето на интерниот тест дали е основан легитимниот интерес на Друштвото.
- Кога податоците се обработуваат незаконски до нивно бришење/уништување и
- Кога на Друштвото повеќе не му е потребно да ги обработува личните податоци, но тие ви се потребни вам, за некој друг правен интерес.

Доколку сакате да поднесете барање за органичување на обработката, Ве молиме да пополните Барање за ограничување на обработката, достапно на веб-страницата на Друштвото, http://www.mepso.com.mk.

За времетрењето на ограничувањето, Друштвото ќе ги чува, но нема да ги користи вашите личнио податоци, освен во случај кога:

- Сте издале изрична согласност за обработка или
- Обработката е потребна за исполнување на правно побарување.

Кога податоците што се предмет на ограничување се споделени со трети страни, Друштвото ќе ги информира третите страни , кога тоа ќе е возможно.
Кога Друштвото ќе го прекине ограничувањето ќе ви даде соодветна информација дали податоците се избришани или продолжува со нивно користење.

## 8.ПРАВОТО НА ПРЕНЕСУВАЊЕ НА ЛИЧНИТЕ ПОДАТОЦИ

Вие имате право да ги добиете вашите лични податоци коишто Друштвото ги обработува за вас. Ова значи дека имате право да ги добиете личните податоци што сте ги дале во Друштвото во структуиран, читлив формат и да ги пренесувате личните податоци до друг контролор. Доколку постои можност на ИТ системот и информатичката структура, Друштвото ќе ги достави податоците на ваше барање до другиот контролор.

Ова право се применува во следниве околности:

- Кога податоците сте ги доставиле во Друштвото,
- Кога обработката е извршена врз основа на согласност дадена од ваша страна,
- Кога податоците се дадени од ваша страна со цел изготвување на договор за вработување межу вас и Друштвото и
- Кога обработката се врши на автоматски начин.

Кога Друштвото ќе го прими вашето барање за пренос на податоците, ќе одговори без непотребно одолговлекување, а најдоцна во рок од еден месец. Доколку барањето е сложено или Друштвото примило повеќе барања од ваша страна, истиот рок може да го продолжи за уште еден месец. Во овој случај, Друштвото писмено ќе ве извести во рок од 1 месец по приемот на барањето за причините за продолжување на рокот.
Доколку барањето ви се одобри, податоците ќе бидат доставени до вас или до другиот контролор во структуиран и машински читлив формат.За услугата нема да ви биде наплатено.
Во случај на одбивање на вашето барање, ќе бидете информирани за причините и правото да поднесете барање за утврдување на повреда до Агенцијата за заштита на личните податоци и за другите правни лекови.
Правото на пренесување е различно од правото на пристап. Иако и двете се однесуваат на пристап до вашите лични податоци, личните податоци до кои треба да се пристапи не се исти. Правото на пренесување се врши само врз основа на наведените околности, додека правото на пристап се однесува на сите лични податоци што се обработуваат за вас, вклучувајќи ги и оние што вие лично не сте ги доставиле до нас.

Барање за пренос на податоците, како и Политиката за пренос на лични податоци може да ја најдете на веб-страницата http://www.mepso.com.mk.

## 9.ПРАВОТО НА ПРИГОВОР НА ОБРАБОТКАТА НА ЛИЧНИТЕ ПОДАТОЦИ

Вие имате право да поднесете приговор на обработката на личните податоци во одредени околности предвидени во оваа политика. Ова значи дека вие имате право да барате од Друштвото да престане со обработка на вашите лични податоци. Во врска со вработувањето, имате право на приговор на обработката која што се спроведува:

- Во врска со легитимните интереси на Друштвото
- За извршување задача од јавен интерес при вршење на службено овластување или
- За профилирање.

Доколку сакате да поднесете приговор, ве молиме да го пополните образецот за проговор на обработка на лични податоци, достапен на веб-страницата на Друштвото http://www.mepso.com.mk.

По добивање на барањето за приговор, Друштвото ќе престане со обработка на личните податоци, освен во случај кога:

- Друштвото смета дека може да докаже дека легитимните цели за обработка на вашите лични податоци се поважни од вашите права или
- Обработката е потребна во врска со правни побарувања/постапки поведени од или

против Друштвото.

Доколку Друштвото одлучи да го одбие вашето барање, ќе бидете известени за причините.

## 10.ПРАВОТО НА РЕГУЛИРАЊЕ НА КАКВО БИЛО АВТОМАТСКО ДОНЕСУВАЊЕ ОДЛУКИ

Вие имате право да не бидете предмет на донесување одлуки само врз основа на автоматски процедури за донесување одлуки, без вклучување на човечка интервенција, во случаи каде што одлуките ќе имаат значајно влијание врз вас. Сепак, ве информираме дека Друштвото не донесува никакви одлуки засновани врз такви процедури и процеси.
Друштвото врши автоматско донесување одлуки, без човечка интервенција, во следниве околности:

- Кога е потребно за склучување или спроведување договор со вас,
- Кога процедурата е дозволена со закон и
- Кога сте дале изречна согласност.

Во случаи кога се обработуваат посебни категории на ваши лични податоци што се однесуваат на вашата здравствена состојба, сексуалниот живот и определба, раса, етничка припадност, политичко убедување, религија и членство во синдикална организација. Друштвото ќе се осигури дека еден од следниве правни основи ќе биде исполнет:

- имате дадено изречна согласност за обработка или
- обработка е неопходна за заштита на значаен јавен интерес.

**УО бр. 02-2630/2-2**
**04.04.2024 година**

**АД МЕПСО, во државна сопственост Скопје**
**Генерален директор**
**Zuhdi Enuz**